СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Третото продолжение на Седумдесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 13 мај 1994 година

Скопје, мај 1994 година

**III ПРОДОЛЖЕНИЕ ОД 75-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛОКА МАКЕДОНИЈА ,ОДРЖАНО НА 13.V. 1994 год.**

Дискутанти:

Дневен ред: т.3 Предлог за пописот -АМАНДМАНИ

1. АНДОВ СТОЈАН - 1, 34, 39, 42
2. АЈДАРАГА ГАЗМЕНД - 12, 13
3. АБДИ ФАИК - 42
4. АЛИУ ХАМИД - 43
5. АРСОВСКИ БРАНКО - 43
6. ДИМОВСКА ДОСТА - 25
7. КОВАЧЕВСКИ КИРИЛ - 14, 20
8. КОТЕВСКИ ЃОРЃИ - 23, 25
9. ЈОВЧЕВСКИ ЦВЕТАН - 30
10. МИТЕВСКИ ВЛАДИМИР – 37, 38
11. МУРТЕЗАНИ АВДИ - 1, 15
12. ПОПОВСКИ КИРО - 25
13. ПРЕВАЛА ШАБАН - 2, 20
14. ПЕТРОВ ТОДОР - 4, 5, 10, 12
15. РАМАДАНИ ИСМЕТ - 36
16. СТОЈКОВ СТОИЛЕ – 16, 20, 27
17. СИЛЈАНОВСКА ГОРДАНА - 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 14, 18, 19, 35, 38, 39, 41
18. СТЕВКОВСКИ ТОМИСЛАВ - 28
19. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 15, 16
20. ТОДОРОВСКИ ЖИВКО – 31 (прозива)
21. ХАРУНИ СЕЈФЕДИН - 25, 41
22. ХАЛИЛИ МУХАМЕД - 8, 39, 44

- СЕДНИЦАТА ПРОДОЛЖУВА -

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Третото продолжение на Седумдесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 13 мај 1994 година

Седницата се одржа во просториите на Собранието на Република Македонија (сала број 1), со почеток во 14,20 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов, претседател на Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Констатирам дека во салата се присутни 61 пратеник.

Пратениците Симеон Ивановски, Панче Насев, Тодор Димов и Симеон Наумовски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Во меѓувреме Владата на Република Македонија поднесе амандмани на член,37 и за менување на член 59 и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по амандманот на член 10, став 1 за внесување нов став 2 по точка 2, поднесен од пратеникот Шабан Превала и пратеникот Агим Фазлиу.

Дали некој друг бара збор?

**АВДИ МУРТЕЗАНИ:**

Почитувано претседателство, дами и господа пратеници, сметам дека амандманот предложен од страна на господинот Шабан Превала треба да се прифати баш од тие причини од вчера водените дискусии по однос на амандманот и надвор од амандманот.

I/2.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (20 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 10 став 1 за внесување нов став 2 по точка 2, поднесен од пратеникот Шабан Превала и пратеникот Агим Фазлиу.

Отворам претрес по амандманот во целиот текст на законот зборовите "Републичката организација надлежна за работите од областа на статистиката" да се замени со зборовите: "Републички завод за статистика", поднесен од пратеникот Шабан Превала и пратеникот Агим Фазлиу.

Молам, кој бара збор?

**ШАБАН ПРЕВАЛА:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, во при- лог на образложението кон амандманот би сакал прво да подвлечам дека јас како и целата парламентарна група на ПДП не поднесувам амандман за рушење, туку за доградување и усогласување на текстовите на законските проекти. Законот за попис на населението посебно го привлече нашето внимание заради целта што се сака да се постигне со новиот попис. На тоа не обврзува и самата партиципација во коалицијата. Едноставно сакаме да го надополниме тоа што го пропуштила евентуално нашата Влада во Предлог-законот. Затоа во врска со нашите амандмани меродавна според моето мислење Владата, не опозицијата. Таа може да прави марќетинг колку што сака. Но, поттикнат од вчерашната расправа сакав уште еднаш некои господа од ВМРО-ДПМНЕ да ги потсетам дека имав големи причини да кажам дека

седниците на Собранието треба да се сфатат како поле за културен и стручен натпревар, а не за навреди и инсинуации. Ова особено важи за оние што се подготвуваат да бидат следбеници на Гоцевите мисли и идеи. За жал, наспроти тоа од одредени колеги од оваа група во отсуство на аргументи се измислија овчари, па дури и волци во јагнешка кожа.

Што се однесува до самиот амандман ќе кажам дека е повеќе и од стилски и од практичен карактер. Ние во овој транзиционен период имаме официјална институција што се вика Републички завод за статистика и нема причина во текстот на Предлог-законот да се служи- . ме со некој условен назив. Сигурно дека во иднина оваа институција ќе се трансформира и можеби ќе се вика Државен завод за статистика, или Институт за статистика итн. Меѓутоа,сметам дека -навистина носител на стручната работа околу подготвувањето и остварувањето на пописот на населението во 1994 година е токму оваа институција, сметам дека изрази рационалност на текстот во целиот текст да владее наместо текстот што е наведен да стои Републички завод за статистика. Сметам дека на таков начин ќе бидеме доследни зошто и тука како претставници на Владата се присутни толку повереници и претставници од Републичкиот завод за статистика.

**ГОРДАНА СИЛЈАДОВСКА:**

Јас мислев дека сте информирани зошто на Законодавно - правната комисија Владата го измени ставот и го прифати овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 11 и во целиот текст на Законот зборот "Републички" да се замени со зборот "Државна" поднесен од пратениците Томислав Стефковски, Кирил Ковачевски, Стоиле Стојков и Томислав Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ГОРДАНА СИЛЈАНОВСКА:**

Владата го прифаќа и овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 11 став 1, поднесен од пратеникот Тодор Петров.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ГОРДАНА СИЛЈАНОВСКА:**

Го прифаќаме амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на членовите 11 став 1, 123 став 1, алинеите 11 и 12, 20, став 1, алинеја 22, 22 став 1, 2, 3 и 24 став 2, 32 став 1, 33 став 1, 41 став 5 и 57 за замена на зборовите "Републичка пописна комисија" со "Државна пописна комисија", поднесени од пратеникот Тодор Петров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ГОРДАНА СИЛЈАНОВСКА:**

Го прифаќаме и овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на членовите 11 став 2, 18 став 3, 20 став 1 алинеја 6, 30 став 5, 36 став 2, 34 став 1 алинеја 1 за замена на зборот "согласност" со зборовите: "во согласност" на членовите 11 став

2, 3 и 4, 36 став 4, 38 став 1 за замена на зборот "член" со зборот "членовите", на член 33 став 3 за замена на зборот "став" со зборот "ставовите",на членовите 4 став 1 точка 7 и став 4, 6 став 2, 16 став 1, 38 став 1, уродот на точка 1 и 48 став 2 за замена на зборот "точка" со зборовите "точките", поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе. »

**ГОРДАНА СИЛЈАНОВСКА:**

Го прифаќаме амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 12 и во целиот текст на законот за менување на зборовите "Републичката организација надлежна за работите од областа на статистиката" со зборовите "Завод за статистика", поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ГОРДАНА СИЛЈАНОВСКА:**

По прифаќањето на амандманот на господинот Превала е и овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам дали господинот Петров го повлекува овој амандман, "Завод за статистика" бидејќи прифативме "Републички завод за статистика".

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Останувам на амандманот.

I/6.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (6 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 12 и во целиот текст на законот за заменување на зборовите "Републичка организација надлежна за работите од областа на статистиката" со зборовите "Завод за статистика", поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на членовите 12, став 1 алинеја 13-Ј 19, став 1 алинеја 3, 20 став 1 алинеја 2, 23 став 1 алинеја 9 и 10, 25 став 1 и 2 и уводот на став 3, 27 став 2,3 и 4, 28 став 2 41 став 5 и 52 за замена на зборовите "Републички" со "државни", односно "државните", поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ГОРДАНА СИЛЈАНОВСКА:**

Владата го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 12 став 1 алинеја 13, поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ГОРДАНА СИЛЈАНОВСКА:**

Го прифаќаме амандманот.

I/7.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на членовите 12 став 2, 13 став 3, 14 став 3, 15 став 2, 16 став 2, 18 став 3, 21 став 1 алинеја 2,3,5,6 и 7, 22 став 2 и 3, 26, 33 став 3, 40 став 2,41 став 1, 42 став 3 и 51 за замена на зборовите "функционерот кој раководи со Републичката организација надлежна за работите од областа на статистиката со директорот на Заводот за статистика", поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ГОРДАНА СИЛЈАНОВСКА:**

Го прифаќаме, но како"директорот на Републичкиот завод за статистика", бидејќи таков амандман усвоивме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали оваа варијанта е прифатлива за предлагачот? (Прифатлива е).

Отворам претрес по амандманот на член 13 став 1 и 2, под- несен од пратеникот Тодор Петров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ГОРДАНА СИЛЈАНОВСКА:**

Владата го прифати и овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 14 став 1 и 2 и член 15 став 1, поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ГОРДАНА СИЛЈАНОВСКА:**

Го прифаќаме амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 15 став 1, член 16 став 1, член 18 став 3 и на член 23 став 1 алинеја 10, поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе. *

**ГОРДАНА СИЛЈАНОВСКА:**

И овој амандман е прифатен.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 16 став 1 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ГОРДАНА СИЛЈАНОВСКА:**

Го прифаќаме амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Пратеникот Мухамед Халили бара деловничка интервенција.

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Почитуван претседателе, со оглед на тоа дека ги немаме сите амандмани тука, би било потребно содржината на амандманите да се чита.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Амандманите ви се поделени на сите пратеници.

Нека се погрижат во групата да ги имаат сите амандманите и кои се задолжени да интервенираат.

Отворам претрес по амандманот на член 17 поднесени од Комисијата за економска политика и развој.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ГОРДАНА СИЛЈАНОВСКА:**

Владата го прифаќа овој амандман на Комисијата за економска политика и развој.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 17 став 1, поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Го молам претставникот ан Владата да се произнесе.

**ГОРДАНА СИЛЈАНОВСКА:**

Го прифаќаме амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 20 став 1 алинеја 4 и 5, поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ГОРДАНА СИЛЈАНОВСКА:**

Владата го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 21 став 1 алинеја 1, поднесен од пратеникот Тодор Петров.

I/10.-

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ГОРДАНА СИЛЈАНОВСКА:**

Владата не го прифаќа амандманот со образложение дека овој дел е веќе опфатен во членот 41 став 4 и 5. Тоа е причина зошто таму имаме за разрешувањето одредено.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор?

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Амандманот беше на членот 21 став 1 алинеја 1. Со овој амандман предлагам во членот 21 овластувањата на државната пописна комисија да бидат именување на членовите на општинските пописни комисии по предлог на Републичкиот завод за статистика. Во решението што е понудено во Предлогот на законот е утврдено, односно предложено од страна на Владата именувањето на членовите на општинските комисии да го врши Републичкиот завод за статистика, меѓутоа по претходно мислење на собранијата на единиците на локалната самоуправа. Имајќи предвид каква е ефикасноста во работата на собранијата на единиците на локалната самоуправа, имајќи предвид дека многу се блокирани во работењето, не можат да одржат ниту седница, имајќи во предвид дека и во предлозите на изборните закони утврдивме во преодни одредби формулација според која за собранијата кои не можат да се состанат изборите ги распишува претседателот на Собранието на Република Македонија. Сметам дека е поцелисходно заради временскиот цајтнот доколку Владата мисли да ги изврши сите подготовки во предвидениот и предложениот рок за спроведување на пописот, именувањето на членовите на општинските комисии и нивните претседатели Државната пописна комисија да го врши директно по предлог на Заводот за статистика. На тој начин сметам дека ажурноста во подготовките за

спроведувањето на пописот ќе биде подобра и ќе се одбегне една можност во која што според Предлогот на законот едноставно би се блокирала работата заради обезбедување претходно мислење по предлозите за членовите на општинските пописни комисии што ќе ги предложи Републичкиот завод за статистика по претходно мислење на собранијата на единиците на локалната самоуправа. Од тие причини предлагам

се бара не е задолжително. Доколку такво мислење, тоа не е согласност, не Собранието да го прифати предложениот амандман во формулација, дека Државната. пописна комисија го врши именувањето на претседател и членови на општинските пописни комисии по пред лог на Републичкиот завод за статистика.

**ГОРДАНА СИЛЈАНОВСКА:**

Владата ги имаше во предвид сите аргументи на господинот Петров, меѓутоа исто така имаше во предвид дека општинските собранија се македонска реалност и дека во нив седат одборници кои што се исто така избрани на непосредни избори, а особено дека мислењето кое што стигне, тогаш Заводот за статистика ќе стапи на сцена.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

II/1.- , ДВ/ОМ

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

По повод на овој поднесен амандман јас мислам дека господинот Петров направи едно, како што велат правниците прејудицирано прашање, односно изнесе една работа која што не е донесена од страна на ова Собрание. Ние не сме донеле закони каде што се определува Собранието на Републиката односно претседателот на Собранието да може да го свикува Собранието на општината. Според тоа мислам дека не треба со такви невистини да се служиме. Има во Законот за локална самоуправа, меѓутоа тој Закон е повлечен и не е во процедура,а да не зборуваме за работи кој што не стојат. Тоа е едно.

Второ, јас мислам дека исправно постапи министерот кога рече дека собранијата нас ни функционираат. Ако така настапуваме дајте да предложиме закон да не ни функционираат општинските собранија

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Мислам дека немаше потреба со доза на нервоза да се зборува по амандманот.

Предлогот на изборниот закон за избор на пратеници во фазата во која се наоѓа во Собранието има еден член кој го предложи Владата, имајќи ја предвид реалноста на функционирањето на собранијата на општините, не во сите општини, во определени. Предложи Владата една формулација за спроведувањето на изборите каде се вели: доколку претседателот на Собранието на единицата на локалната само- управа не може да ги распише изборите заради блокада во работењето на собранијата во општините, можност претседателот на Собранието на Републиката да ги распише локалните избори за одборници во Собранието

Тргнувајќи од оваа наша реалност, не зависно што нема закон донесено за локална самоуправа, од формулацијата и предлогот на Владата по Предлогот на законот за избор на пратеници, по истата аналогија го предложив и овој амандман со такво решение, за да не се блокира временскиот период. Што ако некое Собрание не даде мислење? Во функција на поефикасност и поцелисходност за спроведуваше на изборите е предложено , не да се суспендира. Па Вие ако сакате, еве и во изборните комисии на изборните единици за спроведување на изборите ги именува директно државната изборна комисија, не ги именува по претходно мислење од собранијата на единиците на локалната самоуправа. Во таа смисла е и предложен амандманот, не за да некој се исклучи предврме или да се прејудицираат одредени решенија. Состојбата е таква каква што е.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Не случајно реков дека преурането е направено. Еве повторно се повтори истото. Дали сме го донеле законот за избор на пратеници и одборници? Не сме го донеле. Според тоа дали однапред ќе утврдиме ние норми? Мислам дека таква работа воопшто е недопуслива.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, амандманот се става на гласање. Некои ќе гласа вака некои поинаку. Немојте да настојувате еден со друг докрај да се убедите. Тоа е невозможно. Се разбира. Еден ќе мисли едно друг ќе мисли друго.

Молам, дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

II/3.-

Кој е за , молам да крене рака? (22)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 21 став 1 алинеја 1, поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 22 став 1 поднесен од пратениците Томислав Стефковски, Кирил Ковачевски, Стоиле Стојков и Томислав Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ГОРДАНА СИЛЈАНОВСКА:**

Владата не го прифаќа амандманот од следните причини: се одлучи дека во Комисијата е неопходно покрај стручниот аспект да се обезбеди и застапеност на националностите.

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, овој амандман е поднесен од причини што, а тој гласи:"во член 22 во ставот 1 бројот 14 се заменува со број 8, а бројот 5 во ставот 4 од истиот член се заменува со бројката 2". Тоа се причини повеќе, но важните се поради ефикасно извршување на задачите и второ намалување на трошоците. Знаеме ако биде таа Комисија многу голема, не може прво.;да се собере, ќе се денгуби и не ефикасно ќе работи. Второ заради штедење.

Знаеме дека во минатата комисија имаше 8 члена и еден претседател. Оваа комисија има 14 члена и еден претседател, вкупно 15. Нели и за тие луѓе требаат хонорари. Што кажав јас пред некој ден. Реков дека овој попис носи сиромаштија. Навистина носи сиромаштија пописот. Ако земеме тој попис да се врши на шест јазика. Во секој град ќе треба да има по 6 луѓе што ќе ги знаат тие јазици. На пример и на крајните градчиња на исток од земјата ако има еден слаткар од албанска

националност, за него ќе треба специјално да се иде таму да се изврши попис, бидејќи тој ќе бара пописот да биде на албански и ќе бара човек да го изврши пописот. Тој човек ќе земе хонорари, дневници. Тоа носи сиромаштија. Сега згора на тоа е ставено и 15 мина да дангубат, да земаат хонорари.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дами и господа јас го подржувам , затоа што и го предлагам овој амандман. Причините за предлагање се следни:

Со Уставот се гарантираат правата на националностите. Не е спорно дека ова се работи за државен интерес, што значи дека преку остварување на некакви си права на малцинствата го разградуваме системот на државата. Правата се остваруваат, како што реков од малцинствата, а овде се врши од страна на стручни лица. Сега јас прашува едно: што ќе треба да цениме, дали припадност или стручност, дали потреба или компетенција, дали име или содржина. Во овој случај само правиме гломазност да се покажеме, еве со број на овие припадници на малцинствата ние ги оствaривме и правата на истите. Правото не се остварува со тоа што тие луѓе ќе се попишат. Правото е самото попишување. А овие што ќе работат, што ќе ги бројат попишаните работи. Затоа треба бројот да биде помал за да можеме да имаме ефикасност во работењето, другите причини господинот Ковачевски ги кажа. Затоа Ве молам да не правиме од некаков страв, да не сме на некого ограничиле нешто што му припаѓа, да ги нарушиме принципите и потребите на државата.

**АВДИ МУРТЕЗАНИ:**

Јас мислам дека амандманот треба да се одбие,а причините се реални. За нас господинот Стојановски не треба да се грижи, ние сами за

себе се грижиме и не треба на таков начин да не учи како и колку треба.

Меѓутоа јас би го молел претседателот на Собранието на Република Македонија и другите наши почитувани колеги да се придржуваат кон предложените амандмани, да дискутираат во таа смисла. Инаку сметам дека може да дојде до одлагање на седницата.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господа јас не говорев да учам некого. Јас говорев што е интерес на државата, а затоа што припаѓаме на оваа држава, ако така ги сфатив и оние што остваруваат права преку основот припадник на националност тогаш интересот ќе биде на сите еднаков. А ако некој припаѓа на некоја групација и дека има право само за себе а не за државата, тогаш јас би поставил прашање: Каде , преку кои основи, преку која институција ќе се остваруваат тие права. Јас никого не поучувам овде. Говорам што е интерес на држава Македонија.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници, како еден од подносителите на овој амандман пред се би сакал да кажам дека од оваа говорница нема потреба повеќе да се изнесуваат така да речам уцени .; Дискутираме конкретно за амандмани и така се однесуваме. Уцените нема потреба повеќе да се изнесуваат од оваа говорница поготово од еден пратеник на една партија која се декларираше дека е опозициона, без разлика што е од албанската националност. Зборуваме конкретно за амандманот. Амандманот е во функција на намалување на членовите на Државната комисија, пред се со тоа што не го негира , да launch речеме, без разлика што сме против тоа да се работи за еден клуч, меѓутоа не негираме во таа

Комисија има и двајца членови, само двајца, не 5 како што стои во предложениот текст на членот 22 од Законот, туку само двајца од националностите. Еве една можност да кажеме дека еве и ние од ВМРО-ДПМНЕ на некој начин согледувајќи ги реалностите од постоење на националност како уставна категорија во оваа држава односно на малцинства согласно меѓународните норми дека сме за тоа во таа Комисија да бидат и двајца членови- од националности. Меѓутоа зошто да се гарантира дека однапред во таа Комисија мора да има албанец, мора да има да речеме ром и т.н. Не мора да се гарантира тоа. Затоа ние предлагаме само двајца членови да бидат од националностите односно вкупно, заедно со претседателот Комисијата да има 9 члена. Зошто да речеме од тие двајца да бидат еден влав и еден србин на пример, зошто и тие се националности. Нема потреба овде некој да кажува мора да не има нас во сите органи па и во оваа држава пописна комисија итн. Тоа е состојбата. Состојбата на правото сфаќање на работите е таа. Зошто некој да речеме албанец да нема доверба во некој член од таа комисија кој е влав или србин. Затоа бараме намалување со онаа аргументација што претходно другите мои колеги ја изнесоа. Многу едноставно. Рационалност во работата и од економски причини помалку луѓе ќе бидат платени од даноците кои граѓаните ги плаќаат во оваа држава затоа што сето тоа без разлика што ќе биде од Европската унија, не знам, не верувам дека парите ќе стигнат од таму, затоа што ни ветија, ако се сеќавате и 100 милиони еки да ни даде помош таа Европска унија, се уште не ги добивме п)арите. Затоа сум скептичен околу парите што се обезбедени од Европската унија за пописот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам, да крене рака? (25)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 22 став 1 поднесен од пратениците Томислав Стефковски, Кирил Ковачевски, Стоиле Стојков и Томислав Стојановски.

Отворам претрес по амандманот на член 23 став 1 алинеја 11 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ГОРДАНА СИЛЈАНОСКА:**

Владата не го прифаќа амандманот со образложение што веќе го слушнавме. Прашањето уредено со член 41 став 4 и 5.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам, да крене рака? (24)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 23 став 1 алинеја 11 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 24 став 2 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ГОРДАНА СИЛЈАНОСКА:**

Владата не го прифаќа овој амандман со образложението дадено со претходниот амандман.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Го повлекувам амандманот.

II/8.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 25 став 2 и на член 2 6 поднесен од пратеникот Владимир Митевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ГОРДАНА СИЛЈАНОСКА:**

Владата не го прифаќа овој амандман. Застана на мислење дека за пописните активности е потребно да се обезбедат учесници на припадниците на националностите, а не само преведувачи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (7)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 25 став 2 и на член 26 поднесен од пратеникот Владимир Митевски

Отворам претрес по амандманот за менување на член 29 поднесен од пратениците Томислав Стефковски, Кирил Ковачевски, Стоиле Стојков и Томислав Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ГОРДАНА СИЛЈАНОСКА:**

Владата не го прифаќа овој амандман затоа што смета дека треба да се создадат реални услови за спроведување на решенијата од член 35, а и во интерес на меѓусебната доверба.

II/9.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:**

Реални услови ќе се создадат за попишување. Место да имаме насекаде по шестмина попишувачи може да имаме таму, спрема овој амандман во секоја општина каде што живеат националности над 1% да се обезбедува преведувач. Значи да има преведувач, а не попишувач. Тој преведувач се вика по потреба а не постојано да е на терен и со тоа материјалните средства ќе се намалат. Во многу држави тоа се практикува. Зошто да не се практикува. Значи да бидеме расипници. Уште не сме ги добиле парите а сме земале дури и кредит за овој попис. Тоа е многу чудно. Опозицијата ја брани државата, а позицијата ја разградува.

**ШАБАН ПРЕВАЛА:**

Можеби не заслужува толку внимание ова, но сепак да потсетам. Што е порационално, дали еден човек или двајца? Зошто преведувач кога може да се најде човек кој ќе ја одигра и едната и другата улога. Сметам дека рационалноста во тоа треба да се гледа а не во двајца луѓе. Рационалноста е и во тоа да бидеме присутни на седници уште од почетокот на седницата а ние на жалост едно зборуваме, а друго правиме.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници, пред се овој амандман е во функција на амандманот 5 поднесен од истата група пратеници меѓу кои сум и јас д-р Кирил Ковачевски, Томислав Стефковски и Томислав Стојановски а се однесува на тоа, наместо во секоја општина бројот на општинските инструктори од припадностите на националностите да биде во пропорционален број на попишувачите од припадниците на националностите во соодветната општина, ние предлагаме, затоа што во

II/10.-

членот 35 подоцна ќе дојде овој амандман, предлагаме пописот да се изврши единствено на службениот јазик во Република Македонија и неговото кирилично писмо, тоа е македонскиот јазик. Оваа солуција, ова решение на некој начин не го негира јазикот на националноста меѓутоа согласно некои решенија што веќе се спроведуваат во пописите во некои држави, да ја земеме Австралија итн., на овој начин се обезбедува оној што доволно не го познава јазикот, со преведувач да може да ги даде податоците кои се потребни за спроведување на попис. Не е никаква новина туку еден обид од наша страна на некој начин да останеме во рамките на уставните решенија околу службениот јазик што ги има нашиот Устав и да ги задоволиме потребите на националностите да се попишуваат на својот јазик. Тоа е основата на овој амандман. Нема ништо нелогично тука односно дека е нешто што ние го измислуваме. Јас се надевам и мислам дека би требало некој од Заводот аз статистика како стручни лица да објаснат да речеме во кои држави од таа Европска заедница, сега Унија се врши попис на малцинствата. Пописот е државна работа пред се. При извршување на пописот како државна работа се употребува службениот јазик. Во Република Македонија службениот јазик е македонскиот јазик и неговото кирилично писмо. Затоа, за да не мисли некој дека може да се опијани, да речеме како некои писатели со пиење "сок од простата", ние не мислиме на тој начин да создаваме недоразбирања од ваша страна, пред се од страната на пратениците од албанската националност во ова Собрание, туку нудиме едно решение кое ќе биде прифатливо за сите во ова собрание, решение кое ќе доведе до еден посакуван консензус околу спроведувањето на пописот односно донесувањето на овој закон. Нема никакви подметнувања. Затоа мислам, пред се, таа гаранција дека пописот ќе се врши на јазикот на националноста е токму тоа, со преведувач, квалитетен преведувач кој не мора да биде, да речеме од албански ако преведува, Албанец туку може и Македонец кој знае албански, или Македонец кој знае српски, или

Србин итн. кој знае и македонски и албански итн. Пописот така ќе биде поквалитетен повердостоен, пред се за државата, нема да има манипулации и фалсификати, што на некој начин јас искрено да кажам би биле, ако инструкторите, како што е предвидено во овој член се избираат само од националностите итн. на оние општини каде што сочинуваат одреден процент.

**ГОРГИ КОТЕВСКИ:**

Почитувани дами и господа, овој амандман го прифаќам од причини што е доста практичен и мислам дека она што моите колеги претходно го изнесоа на оваа говорница е голем аргумент и факт а она што госпоѓата министерка го изнесе дека овој член од Предлог- законот за попис на населението нуди градење на некаква меѓусебна доверба, јас мислам дека зборува за сосема обратното. Всушност, министерката покажа и докажа дека во Македонија веќе постои недоверба посебно меѓу албанското малцинство и токму заради тие отстапки на албанското малцинство ние во овој член фаворизирајќи го тоа малцинство, всушност ги правиме и другите отстапки. Мислам дека ова е еден голем преседан што се прави поготово во ваков еден закон каде што најочигледно може да се увиде дека еве јас ќе ви го цитирам членот 29 од Предлог законот. Вели вака: Во секоја општина бројот на општинските инструктори од припадниците на националностите за жал треба да биде малцинствата бидејќи со сите меѓународни конвенции и договори и со повелбата на Обединетите Нации секаде се означени како национални малцинства. Ќе биде пропорционален на вкупниот број на попишувачи од припадностите на националностите во соодветната општина, и да не го читам до крај ова е класично во овој член воведување на клучот од поранешниот социјалистички систем. Тоа е клучот што овде се промовира во членот 29 и затоа јас мислам дека со вакви неразумни потези, со вакви членови инкорпорирани во овој закон ќе доведат уште подлабоко да се ствара поголема недоверба во малцинствата во Република Македонија. А, освен тоа овие лица веќе ја почнаа кампањата во Република Македонија, да шетаат и во Западна Македонија по различни села и по заводите за

статистика, можеби госпоѓата директорка има такви сознанија, веќе почнаа да чукаат на вратите на заводите во Битола, во други места и всушност тие бараат повеќе попишувачи, повеќе нивни активисти да влезат во овие пописни комисии од она што им следува според овој член.

Ова е една невидена трка, еден невиден преседан што го правите и јас не знам до каде мислите да одите со вакви попусти. Верувајте, дека во дипломатијата, па и поготово во креирањето на вакви законски акти со вакви отстапки вие понатаму тонете во безднат што е поставена пред нас а и пред сите вас овде како пратеници и затоа ве молам и ве повикувам да се придружиме кон амандманот на пратениците од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ да го изгласаме, затоа што верувајте, практично тој во Македонија, при тој нареден попис ако воопшто го има, ако повторно не го бојкотираат посебно албанското малцинство, јас мислам дека ќе има поголеми реперкусии и ќе доведе до поголема неправилност, затоа што и самите попишувачи ќе допуштат на поедини групи од нивното соодветно малцинство да направата малверзации при пописот. А, ние не сме таква правна држава и толку агилна и толку дисциплинирана да можеме до крај да ги провериме и да ги испитаме сите овие неправилности што ќе се јават при пописот.

Затоа ве молам да го гласаме овој амандман од пратениците на Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ.

Се извинувам само уште една реченица, инаку, ако некој мисли дека опозицијата рационално треба да присуствува во овој Парламент ние тоа и го правиме покажувајќи и докажувајќи дека кога вие направивме 61 пратеник ние сме тука на своите места. Меѓутоа,

позицијата треба да сфати дека вие не сте предодредени и само зара директорски фотељи и заради дипломатски места или претставници во странство да идете овде во Парламентот....

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Ќе ве молам држете се за темата...

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

..или заменици гувернери на Народната банка.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не обезбедува ниту гувернери, ниту амбасадори Држете се за темата. Господинот Харуни има збор.

Ве молам, да се придржувате кон предлогот на амандманот што е предмет на дискусија.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Амандманот што го има поднесено господинот Стоиле Стојков не го прифаќам и за таков амандман не гласам. А, воедно господинот Стоиле Стојков тоа што сака да го споредува етничкото становниште со дијаспората во Австралија и другите прекуокеански земји, мислам дека тоа е неспоиво.

(Со седницата продолжи да раководи господинот Стојан Андов.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Реплика бара господинот Стоиле Стојков, но тој и дава предност на госпоѓицата Доста Димовска.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Добро е што во меѓувреме дојде претседателот Стојан Андов кој е истовремено и претседател на Советот за меѓунационални односи,

предвиден и со новиот устав, преку прес конференцијата што ја одржа претседателот Стојан Андов пред започнувањето на седницата покажа многу добра волја за донесување на овој закон, но не ми е јасно и би сакал да ми одговори зошто Советот за меѓунационални односи, надлежен за оваа проблематика не го разгледуваше овој закон што, како што рече самиот претседател Стојан Андов, е од државен интерес. Веројатно подоцна ќе ми одговори.

Што се однесува до амандманот го поддржувам амандманот и фактички тој е во функција на еднаквоста на граѓаните, како што е предвидено со Уставот на РМ, додека членот 22, членот 23 што беа предмет на расправа пред малку а говорат за составот на Републичка и општинската комисија се според еден терк од бившиот режим, а тоа е составување на државни институции или било какви тела во институциите на државата по национален клуч. Исто така и во членот 29 е присутна политиката на национален клуч.

Ми се чини дека овој амандман 29 е сосема прифатлив и поврзан со членот 35, амандманот на пратениците од Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ е во согласност и со меѓународните конвенции кои дозволуваат граѓани од друга национална припадност да имаат право да го користат, употребуваат својот јазик, а додека во членот 35 јасно е кажано, поточно во амандманот на членот 35 дека . службен јазик во РМ е македонскиот јазик и кирилското писмо. Пописот би требало да се врши само на македонски јазик, пописните листи да бидат напишани, обрасците да бидат потполнети со кирилско писмо, додека граѓаните при изјаснување да имаат можност да се изјаснат на својот јазик.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Стојков бара реплика.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Сигурно не е реплика на госпоѓицата Димовска, туку на претходниот пратеник кој на некој начин го поврза амандманот со дијаспората.

Не се работи за дијаспората. Дијаспората е поврзана во овој однос дека навистина во Австралија да речеме има огромен број македонци кои живеат и работат таму, меѓутоа, токму тие македонци ме известија дека кога се врши попис во таа Австралија која често пати пратениците од ПДП нарочно ја споредуваат со некои решенија како мултиетничка, мултиконфесионална итн. заедница односно кога се повикуваат на мислењата на одредени експерти од Европската унија Европскиот совет, Европскиот парламент, САД итн., итн. се повикуваат на оние решенија содржани и предвидени во тие држави.

Затоа јас поставив прашање кога дискутирав по амандманот дека да ми се каже во која тоа држава нарочно еве, од Европската унија се спроведува попис на јазиците на малцинствата што живеат таму. А знаеме дека скоро ниту една европска држава не е чиста, односно дека во секоја европска држава има малцинство. Да земеме пример, една Франција, има корзиканци, баскијци, бретонци итн., да не ги редам сите, меѓутоа пописот секогаш се врши на службениот јазик,т.е. на француските. Така и во една Австралија што ја споредиј] те тука со дијаспората, исто пописот се врши на англиски јазик со нивното писмо, но се обезбедува преведувач за оние кои недоволно го познаваат англискиот јазик за да можат да дадат едни валидни податоци. Во тоа е состојбата.

Затоа, нема потреба често пати од оваа говорница да се опоменува експертите - експертите. Експертите кажавме од Европскиот совет се стручњаци по демографија односно по статистика, но не се стручњаци по уставно право. Овде се работи за уставни решенија што ја дефинираат РМ како унитарна држава. И, пред се, во преамбулата како национална држава на македонскиот народ. Тоа е вистината и н треба да бегате од таа вистина.

Инаку, амандманот како амандман не е само мое дело, так да го наречам, не сум само јас подносител. Тука се и координаторот на пратеничката група господинот Томислав Стефковски, д-р Кирил Ковачевски од Тетово, како претставник на македонците пред се од Тетово, јас и адвокатот Томислав Стојановски. Секогаш треба да се прочитаат потписниците на амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Стефковски.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Излегов како еден од потписниците на овој амандман да укажам на една недоследност што овде е присутна од искажувањата на претставникот на Владата госпоѓата Силјановска.

Поднесените амандмани од група пратеници на ВМРО-ДПМНЕ се во еден контекст и сите одат од прилика заедно. Зошто претставникот на Владата не ја сфати суштината со усвојувањето на првиот амандман поднесен од оваа пратеничка група?

Ако веќе имаме државна пописна комисија, во тој контекст ќе се гради понатамошната композиција на самиот закон. Државна пописна комисија не претпоставува дека имаме други јазици освен македонскиот јазик и ништо понатаму.

Оттука, композицијата сега се влече дека со прифаќањето на првиот амандман на Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ едноставно треба да се прифати и овој трет амандман и треба да се прифати амандманот што се однесува на членот 35.

Значи, ако имаме државен службен јазик во РМ, тоа значи дека сега веќе ситуацијата со прифаќањето на ваквиот контекст на државна пописна комисија јасно е дека обрасците на РМ за пописот треба да бидат на македонски јазик, а да се даде објаснение во тој контекст за оној кој не го познава јазикот, македонскиот јази: во тој случај и се обезбедува преведувач како што е наведено во амандманот 3 на нас предлагачите.

Оттука, сметам дека и претставникот на Владата треба уште еднаш да се преиспита дека со прифаќањето на првиот амандман мора да се прифати и овој амандман по однос на членот 39 и 29. Тоа е веќе прејудицирана содржина на Законот со прифаќањето на првиот амандман што е даден на членот 11 од овој закон.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Фаик Абди, бараше збор.

Господинот Абди се откажува.

Дали уште некој бара збор? (Не)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за амандманот, молам да крене рака? (28 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на член 29....

Господинот Цветан Јовчевски бара збор.

**ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ:**

Со оглед дека е приближен бројот се сомневам во гласањето и барам доколку имам поддршка од 10 пратеници поединечно гласање.

**СТОЈАН АНДОВ**:

Дали има поддршка од 10 пртеници? (Има)

Го молам господинот Тодоровски да пристапи кон чинот на гласањето.

**ЖИВКО ТОДОРОВСКИ:**

1. ФАИК АБДИ против
2. ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА, против
3. ЕШРЕФ АЛИЈУ, не е тука
4. ХАМИТ АЛИУ, против
5. МИТКО АНАСТАСОВСКИ , за
6. СТОЈАН АНДОВ , против
7. ТИМЕ АНДОНОВ, не е тука
8. ГОЦЕ АНДОНОВСКИ , не е тука
9. НИКОЛА АПОСТОЛОСКИ , за
10. ЛАМБЕ АРНАУДОВ , не е тука
11. ДРАГИ АРСОВ , за
12. БРАНКО АРСОВСКИ , против
13. ДУШКО АРСОВСКИ , не е тука
14. ГОРГИ БОЈКОВСКИ , против
15. ЈОРДАН БОШКОВ , не е тука
16. ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ , за
17. АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ , против
18. ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ , за
19. ПЕТАР ГОШЕВ , не е тука
20. ДРАГИ ГРОЗДАНОВСКИ , За
21. САНДЕ ДАВЧЕВ , не е тука
22. РАТКА ДИМИТРОВА , не е тука
23. ДИМИТАР ДИМИТРОВСКИ , не е тука
24. ТОДОР ДИМОВ , не е тука
25. ДОСТА ДИМОВСКА , за
26. БОРКО ГОРЧЕСКИ , за
27. ДУШКО ГОРГЕСКИ , ... против
28. ПЕТАР ГОРГИЕВ , не е тука
29. ЗУДИ ЕМИНИ , против
30. ЈОРДАН ЗАФИРОВ , против

IV/2.-

31. ГОРАН ЗАФИРОВСКИ, не е тука
32. НАСЕР ЗИБЕРИ , против
33. ВАСИЛ ЗИМБАКОВ, против
34. ВАНЧО ЗЛАТАНОВ, не е тука
35. БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ, за
36. ЉУБОСАВ ИВАНОВ, не е тука
37. ЈАКИМ ИВАНОВСКИ, не е тука
38. СИМЕОН ИВАНОВСКИ, не е тука
39. ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ, не е тука

| | |
|---|---|
| 40. РИСТО ЈОВАНОВ | за |
| 41. ЦВЕТАН ЈОВЧЕСКИ | за |
| 42. РИСТО ЌЕЛЕШОВ | не е тука |
| 43. ТАШКО КИРОВ | за |
| 44. ЗОРАН КИТЕВ | не е тука |
| 45. КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ | за |
| 46. СТОЈАН КОВАЧЕСКИ | против |
| 47. ГОРГИ КОТЕВСКИ | за |
| 48. ЗОРАН КРСТЕВСКИ | против |
| 49. БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА | за |
| 50. ВЕЦКО ЛИЧОСКИ | за |
| 51. КОЛЕ ЛУЛОВСКИ | за |
| 52. ЕФТИМ МАНЕВ | за |
| 53. ЈОВАН МАНЧЕВСКИ | против |
| 54. ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА | за |
| 55. ФЛОРЕ МАСАЛКОВСКИ | не е тука |
| 56. МАРИН МИЛЕНКОВСКИ | против |
| 57. СТРАШО МИЛКОВСКИ | против |
| 58. ПАНЧО МИНОВ | против |
| 59. ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ | против |
| 60. ТРАЈАН МИЦЕВСКИ | не е тука |
| 61. ВАНЧО МЛАДЕНОВ | против |
| 62. ЏЕЛАДИН МУРАТИ | против |
| 63. АВДИ МУРТЕЗАНИ | против |

| | |
|---|---|
| 64. НАИФ МУСТАФА | против |
| 65. ПАНЧЕ НАСЕВ | не е тука |
| 66. СЛАВЕ НАУМОВСКИ | против |
| 67. СИМОН НАУМОВСКИ | не е тука |
| 68. БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ | не е тука |
| 69. ЈОВАН НИКОЛОВ | против |
| 70. ДУШАН НИКОЛОВСКИ | против |
| 71. МИХАИЛ ПАНОВСКИ | за |
| 72. ТОДОСИЈА ПАУНОВ | против |
| 73. ТИТО ПЕТКОВСКИ | не е тука |
| 74. ТОДОР ПЕТРОВ | за |
| 75. ТОМИСЛАВ ПЕЦАКОВ | не е тука |
| 76. МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ | не е тука |
| 77. ДИМИТАР ПОПОВСКИ | против |
| 78. КИРО ПОПОВСКИ | против |
| 79. ЉУБОМИР ПОПОВСКИ | против |
| 80. НИКОЛА ПОПОВСКИ | против |
| 81. ШАБАН ПРЕВАЛА | против |
| 82. БОЖО РАЈЧЕВСКИ | не е тука |
| 83. ИСМЕТ РАМАДАНИ | против |
| 84. ИВАН РАМБАБОВ | не е тука |
| 85. ШУКРИ РАХИМИ | против |
| 86. ФЕРИД САДИКУ | против |
| 87. НЕИМ СЕЛМАНИ | против |
| 88. НАУМ СИМЈАНОВСКИ | за |
| 89. АЦО СПИРОВСКИ | за |
| 90. РИСТО СТАМЕНОВ | за |
| 91. РИСТО СТАНКОВСКИ | за |
| 92. ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ | за |
| 93. СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА | против |
| 94. НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ | против |
| 95. НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ | против |
| 96. ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ | за |
| 97. СТОИЛЕ СТОЈКОВ | за |
| 98. ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ | против |
| 99. ЏЕЛИЛ ТАИРИ | не е тука |

IV /4.-

| | |
|---|---|
| 100. ЗОРЕ ТЕМЕЛКОВСКИ | не е тука |
| 101. ГОЦЕ ТЕМЕЛКОВСКИ | за |
| 102. ПЕТАР ТЕМЕЛКОВСКИ | за |
| 103. БЛАГОЈ ТОШЕВ | за |
| 104. ПЕТРЕ ТРАЈАНОСКИ | не е тука |
| 105. ПЕТРЕ ТРАЈКОСКИ | не е тука |
| 106. ДИМИТАР ТРПЕНОСКИ | воздржан |
| 107. ДУШАН ТРПЧЕВСКИ | не е тука |
| 108. АГИМ ФАЗЛИУ | против |
| 109. АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ | не е тука |
| 110. МУХАМЕД ХАЛИЛИ | против |
| 111. АБДУРАХМАН ХАЛИТИ | против |
| 112. БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ | не е тука |
| 113. СЕЈФЕДИН ХАРУНИ | против |
| 114. СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ | не е тука |
| 115. НЕЏАТИ ЏАФЕРИ | против |
| 116. АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ | не е тука |
| 117. ВЕБИ ЏЕМАИЛИ | не е тука |
| 118. БЛАГОЈА ЧКАТРОСКИ | воздржан |
| 119. ХИСНИ ШАКИРИ | против |

**СТОЈАН АНДОВ:**

Гласале 75 пратеника.

27 гласале за.

46 гласале против

2 воздржани.

Констатирам дека Собранието не го усвои Амандманот за менување на член 29, поднесен од пратениците Томислав Стефковски, Кирил Ковачевски, Стоиле Стојков и Томислав Стојаноски.

Отворам претрес по Амандманот за бришење на член 30, поднесен од пратеничката група на ПДП.

Го молам претставникот на Владата, ве молам повикајте ги претставниците на Владата да дојдат овде.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ГОРДАНА СИЛЈАНОВСКА:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот .

Амандманот го ставам на гласање. Кој е за, молам да крене рака? (20)

20 пратеници гласаа "за".

Констатирам дека Собранието не го усвои Амандманот за бришење на член 30 поднесен од Пратеничката група на ПДП.

Отворам претрес по амандманот на член 30 за бришење на ставовите 2,3,4 и 5, поднесен од пратениците: Томислав Стефковски, Кирил Ковачевски, Стоиле Стојков и Томислав Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе .

**ГОРДАНА СИЛЈАНОСКА:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (16)

16 пратеници гласаа за.

Констатирам дека собранието не го усвои Амандманот на член 30 за бришење на ставовите 2,3,4 и 5, поднесен од пратениците Томислав Стефковски, Кирил Ковачевски, Стоиле Стојков и Томислав Стојановски.

Отворам претрес по Амандманот на член 32 став 2 поднесен од пратеникот Исмет Рамадани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ГОРДАНА СИЛЈАЛОВСКА:**

Владата не го прифаќа овој амандман затоа што се работи за вклучување на странци, за вклучување на експерти, така што не можеме ние во македонски закон да даваме задолженија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор г-динот Исмет Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Јас мислам и понатаму како што е почнато треба да заврши овој попис. Бидејќи се работи за попис односно вонреден попис кој треба да се подготви до крај со интервенција од експертската група од Европскиот совет, мислам дека и во текот на изведувањето на пописот треба да се вклучат експерти односно специјалисти за оваа работа од Европскиот совет, па затоа предлагам да се прифати овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

( За збор се јавува г-динот Митевски во врска со неговиот амандман на член 30, но претседателот да кажува дека таа расправа е веќе завршена.)

IV/7.-

Ќе дојде на ред вашиот амандман, а, тоа минало, е па ако минало завршен е претресот. Не може така.

Ве молам, дали по членот 32 имаме дискутанти? (нема)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (14)

14 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои Амандманот на член 32 став 2, поднесен од пратеникот Исмет Рамадани.

Деловнички сака да каже нешто во врска со работата овде г-динот Митевски.

**ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ:**

Се извинувам, вака набрзина поминавме, јас имам амандман на член 30. Очекував дека претседателот ќе го стави на расправа, но набрзина помина на членот 32. Јас се јавувам само во врска со тоа. Јас имам амандман на членот 30.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, кога го поднесовте?

**ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ:**

Го поднесов на 11 мај оваа година.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Само момент да видиме што поминавме. Не сме го минале. Тоа е грешка во сценариото, што е очигледно. Еве го како нареден амандман само ставен малку поназад.

Отворам претрес по амандманот на член 30, став 2 и 3 поднесен од пратеникот Владимир Митевски.

IV/8.-

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ГОРДАНА СИЛЈАНОВСКА:**

Претставникот на Владата не го прифаќа овој амандман, намалувањето на процентот од 20 до 30 е крајно нерационално.

**ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, јас зедов учество и кога беше општа расправа околу предложениот закон и кажав дека ќе се јавам и амандмански. Искажав свое мислење дека резултатите од пописот од 1991 година немаат една меѓународна валидност и заради тоа се прави нов попис , затоа предлагам, бидејќи нема резултати од пописот од 19 91 година, да се елиминираат како такви. Инаку, сметам дека во ставот 2 од членот 30 каде стои "по исклучок од став 2 ако припадниците од една националност претставуваат повеќе од 20% од вкупното население, во пописниот круг ќе се именува попишувач од соодветна националност".

Прво, ова е во колизија со членот 35 каде сите знаеме дека предлагачот односно експертската група нудат формулари и тоа двојазични, да се пополнуваат и на јазик на националностите спрема тоа, ако тука даваме можност на секој да го пополни образецот на свој мајчин јазик, овде испаѓа дека цензусот е висок оти пописниот круг е релативна работа, еве на пример имаме месни заедници во Куманово каде живеат граѓани од српска националност па можат да биде поделени во повеќе пописни кругови така што може да се случи и ако имаат право по членот 35 образецот да го пополнат на свој мајчин јазик да се случи, ако стане ваквиот цензус, тоа право да го немаат, па заради тоа сметам дека ќе го при- фатите амандманот.

IV/9.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Халили.

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Сметам дека амандманот треба да се прифати затоа што ставот 1 и 2 од членот 30 се во контрадикторност со членот 35 од Законот. Амандманот треба да се прифати.

**ГОРДАНА СИЛЈАНОВСКА:**

Јас; само ќе повторам дека амандманот не го прифаќаме амандманот ќе ја усложни и организацијата и средствата, меѓутоа, не знам дали имам право, сепак само би кажала дека пописот од 1991 година не беше нерегуларен, овој попис е само вонреден, заради нецелосноста на податоците.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Халили. Сега вие по вторпат. ПО амандманот еднаш зборувавте. Не можете да зборувате додатно по истиот амандман (пратеникот Халили стои малку подалеку од говорницата) веќе еднаш сте се јавиле. Вие не можете сега, може друг да ги изнесе аргументите. Ве молам, да се држиме на договорот што го донесовме овде . ПО секое прашање, а под прашања го третираме општиот претрес, амандманот и вкупно по текстот на законот. Тоа може некој друг да го направи, а не вие. Новите елементи ќе ги изнесе некој друг. (Пратеникот Халили вели дека има деловничко право). Немате токму деловничко право . Госпоѓата Силјановска не ве прозива вас, тоа не е реплика. Изгледа вие не ме разбирате овде се договоривме оти ќе направите голема грешка, Ве

молам, ќе отворите простор секој да може два пати да се јавува по исто прашање. Тука нема селективност, Ве молам господине Халили да ме послушате . Не, не, Вие не сте предлагач на амандманот, ќе се јави некој друг. Одете си вие на место . Ве молам тишина. Дали некој друг бара збор? Има збор господинот Харуни.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Членот 30 што е поднесен од господинот Митевски јас го поддржувам, воедно има забелешка и експертската група од Европа. Членовите 30 и 35 се и контрадикторни поради тоа што членот 30 не предвидува попишувач на националностите. А со член 35 на населението заправо му се оневозможува слободно избирање за попишување на својот мајчин јазик. Тука е контрадикторноста. Затоа тука е таа забелешка и умесно и тоа што го има поднесено господинот Митевски. Тука е и таа забелешка од Европската заедница, од Европските експерти.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Во врска со овој амандман, молам во овој случај и од претставникот на Владата да го објасни малку, затоа што навистина имаме тука уште и забележано дури и за членот 30 дека од експертите се бар. овој член и се кажува дека е во колизија со членот 35. Ако може да даде додатни објаснувања претставникот на Владата зошто стојат овие бројки 50% и 20% затоа што нема додатно објаснување зошто. Навистина се во колизија со 35 дури и со формирањето на комисиите каде што се вели дека и 1% каде што има од националностите ќе има членови на тие комисии кој го знаат јазикот на националноста. Тогаш веројатно треба додатни објаснувања.

**ГОРДАНА СИЛЈАНОВСКА:**

Да бидам искрена не знам дали е во ред јас да цитирам мислења од експертите. Мислењето е само мислење, меѓутоа кога ме доведовте во таква состојба јас ќе прочитам. Прво никогаш членот 30 не бил спорен пред експертите. Второ, во мислењето на експертите тие се осврнуваат на посебни членови . Еве јас ќе прочитам се вели: во случај кога 20%, тоа значи она за што говориме не се исполнети и попишувачот не го говори јазикот на лицето кое сака да биде попиша на еден од јазиците наведени во член 35, практично треба да се обезбеди право на слободен избор, што е гарантирано во член 35 за сите лица во земјата.

V/2

Во членот 30 последниот став вели: Во случаите кога во одредбите во став 2 и 3 што значи 52 од овој член не може да се обезбеди попишување на лицата согласно одредбите по член 35 на овој закон Републичката организација надлежна за работите од областа на статистиката, обезбедува друг попишувач, кој покрај македонски јазик го знае и јазикот на кој согласно член 35 може да се врши попишувањето.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ако имате деловничка интервенција повелете. Господине Халили вие мислете си така, само ние мораме да работиме по Деловнико1

**ФАИК АБДИ:**

Сакам да дадам своја поддршка на овој амандман и интересно објаснување има за членот 30, последниот став со членот 35. Ако во членот 35 е кажано како е кажано, тогаш што смета да се прифати овој амандман. 06јаснувањето во членот 35 мора да му соодветствува и на членот 3О. Според тоа, мислам логички е да разбереме дека е тоа така. и не треба многу да се расправаме овде. Експертските групи да ги оставиме малку на страна. И нелогички е ова што е прочитано пред малку од страна на госпоѓата министерка дека ќе обезбеди некој потпишувач што го знае јазикот. Зошто? Ништо нема лошо тука.

А наведуваме во поранешните дискусии да водиме многу сметка да не трошиме пари.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам само нешто да дообјаснам околу текот на седницата. Ние на почетокот на оваа точка се договоривме и Собранието одлучи дека секој пратеник по секое прашање во склад со деловничката одредба може да земе еднаш збор и неговото излагање да трае до 10'минути, а координаторите до 15 минути. Ве мола , тоа значи дека навистина по секое прашање, а тоа прашање е општ претрес по секој амандман на крајот по текстот на законот секој може да се јави еднаш од тоа еднаш

јавување на се исклучени ни координаторите сега на некој може да му изгледа, бидејќи во дебатата се јавуваат нови моменти кога други зборуваат , ули кога зборува и дава толкување Владата. Но токму затоа е ова ограничување секој еднаш да се јави, за да не може секој на секому да му одговара. Инаку тоа би минало во еден дијалог и крај никогаш не би имало. Токму тие случаи треба да се исклучат, затоа е таа деловничка одредба. И точно правилно го толкувам деловникот и го спроведувам Мене многу ми е жал што во овој случај веројатно има некое недоразбирање меѓу г-дин Халили и претставникот на Владата, а тоа се прави по тие прашања на пауза, се прави и надвор од седницата. Никако не може да се крши оној договор и онаа Одлука која на Собранието е донесена веќе.

**ХАМИТ АЛИУ:**

Во врска со објаснувањата на г-ѓата министерка ја прашувам врз која основа тој процент од 20% или 50% е земен, ако е тоа од експертската група како 1, и второ пописот се врши во целата држава не се врши парцијално .Ако се врши комплетно во целата држава, тогаш да мораме

Која е таа логика да мораме да најдеме ние преведувани кога треба да се најдат попишувачи И на кој основ тие 20%се најдени. Не треба да се објаснува како ни се сака, но како го коментира експертската група.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Почитувани пратеници, мислам дека е принципиелно прашањето заради тоа што ние го либерализиравме доста овој закон. направивме една рамноправна на сите националности во РМ во попишувањето и мислам дека кога се работи за попишувачи, ова е специфично за одредени населби во кои е хетерогена структура на населението. ја кажам специфичноста за Кумановска општина. Во општината Куманово живеат сите националности.

V/4

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам зборувајте за амандманот а не за Куманово. БРАНКО Арсовска: Зборувам за амандманот ако се предвиди 20% за одреден пописен круг, тогаш немаме шанса од одредена националност да биде присутен како попишувач. И од тие аспекти господинот Митевски што го поднесува амандманот има своја суштина и оправданост заради тоа што ги зафаќа сите националности во еден пописен круг без разлика на нивната бројност. Така да процентот од 30%ќе ги зафати и оние кои се во помал број. Мислам дека би била една потполна рамноправност и за одредени специфични краишта би одговарало.

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Барам 30 минути пауза.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам 30 минути пауза по бараше на координаторот на пратеничката група на ПДП.

По паузата седницата не продолжи.